МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# АЈДЕ ДА ПИШУВАМЕ



ЗБОРНИК НА ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ 2010-2019

МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# АЈДЕ ДА ПИШУВАМЕ

Издавач:
Национален сојуз на лица  со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија

Главен уредник:
Бранимир Јовановски

Ликовен уредник и компјутерска подготовка:
Далибор Јовановски

Печат:
Контура ДОО Скопје
Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 132,
1000 Скопје

Тираж:
300 примероци

Издадена:
Декември 2020

МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# АЈДЕ ДА ПИШУВАМЕ

ЗБОРНИК НА ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ
2010-2019

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3-1(082.2)

АЈДЕ да пишуваме : зборник на литературни творби : 2010-2019.

Скопје : Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија, 2020. - 76 стр. ; 20 см

Поезијата како огледало на душата / Ѓорги Калајџиев: стр. 5-7. - Ајде да пишуваме / Весна Ацевска: стр.9-10

ISBN 978-608-66646-0-2

а) Македонска поезија -- Антологии

COBISS.MK-ID 52830469

# ПОЕЗИЈАТА КАКО ОГЛЕДАЛО НА ДУШАТА

Поетското творештво како едно од најсофистицираните уметнички дисциплини, отсекогаш сум го гледал како универзална вредност, без притоа да го поемам и вреднувам според името и презимето на авторот, според јазикот на кој е создавано или географската одредница кајшто е родено. Едноставно, водејќи се според сопствените естетски критериуми, поезијата ја делам исклучиво на онаа која ми се допаѓа и онаа која не е по мој вкус, имајќи ја секогаш во предвид можноста, дека субјективноста и објективноста можат да бидат во двонасочен сообраќај.

Познатиот француски поет Шарл Бодлер, со право забележал дека „за жал, уметниците (поетите) кои покрај творењето се занимаваат и со критика, честопати стануваат предмет на осуда". Критиката, според мене, не е толку далеку од укажаната можност да се вреднуваат (жирираат) одреден број поетски творби, и да се даде оценка, кој творечки продукт тежи повеќе од другиот. Со таква по малку неблагодарна задача се соочувам веќе низа години station наназад, како член на жири комисиите кои имаа за задача да ги „мерат" пристигнатите творби, на традиционалниот литературен конкурс, кој за своите членови, го распишува Мобилност Македонија. Чинам дека не постои потешка работа од таа, иако долги години ја уживам доверба-

та на луѓето од сојузот да бидам составен дел од таа нивна програмска активност.

Правејќи ретроспектива на творештвото на лицата со телесен инвалидитет, кое стана дел од целокупниот „поетски арсенал“ на Литературните средби (конкурси) во последната деценија, морам да истакнам дека соочувањето со тоа творештво ми го наметна принципот да ставам знак на рамenство помеѓу почитта и прочитта. Само така и никако поинаку, можев да го согледам квалитативното наспроти квантитативното во поетските обиди на учесниците, иако морам да признаам дека немал број на творби, па дури и најголемиот дел од оние кои беа предмет на вреднување, заслужија високи оценки. Притоа, не би сакал посебно да издвојувам имиња на автори или наслови на песни, туку да ги истакнам општите карактеристики кои се провлекуваат низ стиховите и го градат поетскиот израз. Тоа без сомнение се: искреноста, чистотата во стихотворењето, посветеноста во прифаќањето на творечкиот предизвик и бездруго подготвеноста да се сподели со читателот сето она што е акумулирано во душата на авторот, а е дел од мноштвото животни епизоди. И не е случајно што овој мој осврт го насловив „Поезијата како огледало на душата“, бидејќи токму така и го доживував секој стих, секоја строфа и секоја песна кои поминаа низ мојата дедениска дружба со успешните творечки обиди на учесниците на Литературните средби.

Еден познат светски лик беше рекол: „Најмногу лага има во љубовта, во ловот и во политиката“. Не знам дали е тоа така, но знам дека најмногу вистина има во поезијата, особено во онаа за која ги напишав овие редови. Нека се множи таквата поетска вистина и во иднина. Нека е за многу години.

*Ѓорги Калаџиев*

# АЈДЕ ДА ПИШУВАМЕ

Во современата култура, улогата на литературата, или уметноста на зборот, има специфично место и улога. Таа уметност овозможува да се развие самосознанието за нас самите, за она што е во нас човечко и човечно, но и да се развие начинот на којшто сето тоа се искажува низ јазик, говорен или пишан, при што тие искажувања добиваат естетска димензија.

Во уметноста на зборот посебно место има поезијата, која многу долго време во минатото била општ синоним за литературата. Тоа значи дека луѓето уште одамна сфатиле дека една убава песна многу повеќе дава од еден обичен исказ. На ова е важно да се потсетиме денес, кога се потиснува литературата од страна на визуелните и дигитални мрежи.

Тргнувајќи од сето ова, за мене е многу важно што веќе две ипол децении се одржува Конкурс за избор на најдобра литературна творба во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија, на кој учествуваат со свои творби членови на овој наш сојуз. Важно е затоа што, на тој начин, низ една прекрасна активност, се одржува љубовта кон литературата, кон пишаниот збор, кон сопствениот јазик, кон поттикот да најдеме креативен начин да се изразиме себе, да го искажеме она што нè радува или што нѝ растажува, да ги

споделиме нашите размисли и емотивни доживувања со други луѓе.

Особено ме радува што низ овие години можев да ја следам творечката активност на членовите на Сојузот што учествуваа на овој конкурс, да ги примам нивните литерарни пораки. И ве уверувам дека тие се длабоко искрени, а искреноста е она што нè трогнува, сеедно дали е произлезена од она што нè загрижува, растажува или развеселува. Во изборот на мотивите и темата, песните што ги читав беа разновидни: љубовни, патриотски, рефлексивни, општочовечки или лични исповеди на трајни трауми... Во исказот, тие најчесто беа во слободен стих, но негуваа и класични строфи со рими. Многу поретко среќавав творби во проза, во форма на куси раскази. Своите литературни творби авторите ни ги испраќаа под шифри, а ние од Комисијата се трудевме да ги издвоиме оние што ни оставија најсилен впечаток. Се надевам дека низ годините наназад се наградени повеќето упорни вљубеници во литературата и очекувам дека овде, во овој зборник, нивните творби ќе ве поттикнат уште повеќе да ја засакате литературата, да го засакате својот мајчин јазик и дека ќе ве поттикнат и сами да се обидете да напишете песна или расказ. А на досегашните храбри наши литературни творци, им пожелувам неисцрпна инспирација за нови остварувања.

*Весна Ацевска*

# XVI ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2010

## БИСЕРНИ СОЛЗИ

Патеки тешки, судбини горки
сал лаги и искушенија рој,
ме влечат некои нежни струни
нудејќи ми волшепства и лаги на тон.

Чашите ги кршам, да го истурам
од нив целиот чемер во душата збран
и пеам песни слеани в стих,
со надеж да ме слушнеш.

Болка не кријам,
но во душата јад
за сè што мина ко виор
за сè што ми однесе животот млад.

Бисерот од солзи не го нижам веќе
сета моја мака ќе ја слеам в стих
ќе остане таа за споменот вечен
врежана ко брчка во стариот лик.

*Мимоза Делипетрова Томова*
**I** награда
Мобилност - Радовиш

## ЧИСТА ДУША

Замислен, се чудам
што е тоа од што се будам,
дали таа чиста душа
ќе ја врати искрата мала
што мојот поглед ја пушта.

Го пуштам срцето да сонува
и слушам никнува збор -
мост од твоите нежни прегратки.

Твоите зборови мала
цврста лединка, прскаат спомени,
погледите ни се ревеаат
скршени во своите сенки,
рацете ни грабаат кон месечината
гудало ги скокотка нашите нерви.

Може така и да не е,
и секој миг од сон да се разбудам
но сепак не мачи ме, ајде прозбори
ја признав веќе вината.

*Васил Томов*
**II** награда
Мобилност - Радовиш

## СЕЌАВАЊЕ НА ЉУБОВТА

Ќе се сетиш ли...
ако ти кажам за љубовта,
за синото небо,
за едно лето...

Ќе се сетиш ли...
на тајната на нашите срца,
на бакнежот во ноќта.
на страста во телата.

Ќе се сетиш ли...
ако ти кажам дека бев солза
во твоите очи,
топлина на твоето тело.

Ќе се сетиш ли...
на плачот на виолината на Циганот,
на сувата темјанушка во писмата,
на татнежот на возовите во далечината.

Ќе се сетиш ли...
ако го чуеш плачот на моето срце,
и откорнатата љубов кога замина.

Да... ќе се сетиш и повторно

ќе кажеш заборавивме,

како што заборави некогаш на нашата љубов

и повторно ќе заминеш во минатото и далечината.

Но, сепак ќе се сетиш на нас...

*Вера Сарваноска*
**III** награда
Мобилност **-** Прилеп

# XVII ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2011

## ЛИВАДСКА СЛИКА

Главите на боливачот треперат во ритамот
на утринската литургија на потокот.
Јас, сликар на симболички музики,
нестрпливо чекам бучен плисок распеани зрна
да ми ја оживее палетата со горчливи зборови.
Со чај од шарени птици би сакал да сликам
во платна спуштени од небото
и занесени во минијатурни
мечтаења, не ја забележувам тревата
што му ракоплеска на потокот.
Во глува тишина одеднаш ветерот
почнува да плаче искршени рими
и неговата балада со утеха
ми ги обвиткува рамењата.
Секогаш ќе се најде некој плашт
кога сакам да одам разголен
до последниот акорд мек
и никогаш нема доволно вода за моите утопии...

*Александар Петрушевски*
**I** награда
Мобилност - Скопје

## ЧОВЕК ЗА ПОЧИТ

Љубовта е мудрост
а тој што ја чува е свет.
Гледа в очи и лаже,
само таа лага не е грев.
Неговата среќа
потсмев е за вас
а гледа тој
пластичен поглед
кој кошмар е ваш.
Премачкувал тој платно
со рајски бои,
а за вас црта кловнови
и кукли на жици.
Го напуштаат сите
а тој не е сам.
Раката негова високо
шамивче бело кон вас
за збогум крева.
Вие горди на својата глупост
а тој среќен
што испратил потонат свет.
За почит е човекот
љубовта што ја крие

од секоја игра
на комплексниот град.
Споени во хорот на бучните жаби
заглавени во трска и кал
 а тој го храни срцето
итајќи на љубовен бал.

.

*Соња Ѓорѓиевска*
**II** награда
Мобилност - Скопје

## **АКО МЕ САКАШ**

Ако ме сакаш
кажи го тоа сега
сведок да бидат лисјата
на ова крошно дрво
та нежно шумолејќи
да му пренесат на ветрот
кој ќе го жигоса
чинот на времето
како белег
на возвишена љубов
што му покажува на светот
како треба
симболот на чистата душа
да го води телото
само во добри дела.

*Ристо Донев*
**III** награда
Мобилност - Скопје

# XVIII ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2012

## **МОЈОТ ЛИК ВО КАЛ**

Имам восок на рацете,
индиго темно на нозете
и череп од сенки.

Имам гулаб и перница,
под липа ден, несоница
и верен пес.

Од восок кукли допирам,
од нозе траги оставам
и говорам за нас.

За празник перја дарувам,
во мугри желби собирам,
лаежот ги сокрива од вас.
Се дур око не засвети
кога сокол ќе долета,
лик ќе кријам во кал.

*Соња Ѓорѓиевска*
**I** награда
Мобилност **-** Скопје

## ПОРАДИ ТОА

Поради тоа што живее,
поради тоа што ќе се роди,
она што го нарекоа живот,
во портокалови лета,
и во пупките на сините цветови.

Поради оној што ја бара вистината,
поради оној што залудно пишува,
поради тоа што некој седи
во златна лулашка.

Поради девојките и нивните песни,
поради циганските напуштени черги,
поради она што се преплетува со животот,
на брановите на морето,
на кристалните варијанти
во човековото тело.

Поради тоа ќе изградам споменик на
моите сеќавања,
ќе подигнам храм на моите солзи
и ќе ја приклештам мојата тага.

*Салвица Стојановска*
**II** награда
Мобилност - Скопје

## ЉУБЕНА МОЈА МИЛА, ЉУБЕН МИЛ МОЈ

Те љубам, љубена моја мила
Ти си цвет во планина
Те љубам, љубен мој мил
Ти си цвет во градина.

Те љубам, љубена моја мила
Ти си планинска срна на изворот
Те љубам, љубен мој мил
Ти си планински елен на карпата

Те љубам, љубена моја мила
Ти си бела гулабица
Те љубам, љубен мој мил
Ти си бел гулаб
Љубовта е дар и жар од бога
Љубена, моја мила
Љубовта е верна и непопустлива
Љубен, мој мил

Љубовта големи води не ја гаснат
Љубена, моја мила
Љубовта големи реки не ја носат
Љубен, мој мил

Дојди да се земеме, љубиме
Љубена, моја мила
Дојди да се земеме, љубиме
Љубен мој мил...

*Благоја Димоски*
**III** награда
Мобилност - Прилеп

# XIX ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2013

## МОЈАТА ДУША

Наоколу месечеви планини
Небо и камен - лешник и глог.
Седнав на метеорски камен
Древни икони песни чудесни слушам.

Допир од убост на синило
Огледало на извор разбушавен
Ме облива ко вино црвено.

Овчарски кавал мелодии носи.
Благородна нежна смеа
Над солениот труд се лее
Сè до зајдисонце

О, Боже!
Помагај на оние што се трудат
Вразуми ги неразумните
Давај небесна сила, о Боже, мили.

*Киро Ивановски*
**I** награда
Мобилност **-** Прилеп

## НЕ ПОСТОИ РЕКА

Не постои река
подлабока од заблудата
за нејзината длабочина.
Вистината е закана, а течењето
не дозволува природни менувања.
Понекогаш престанувам
да верувам во солзите,
и тогаш ме спасуваат
единствено грстови плач.
Последниве дождови
можев во една рака да ги соберам.

*Александар Петрушевски*
**II** награда
Мобилност - Скопје

## СВЕТЛИНА

Се загледав во далечината
И посакав да го видам
Твојот лик
Во секој звук на ветерот
Како да беше скриен
Твојот глас.
За миг заталкав
Во денот кога ми подаде рака.
Гледајќи те пред мене
чинев дека пропаднало сè.
Ништо нема,
Дури и незапирливоста
Се претворила во камен.
Мислев дека сум јас
Над сè,
Длабоко како да тонев
Во мојата возвишеност.
Не знаев ни која сум.
Се борев со неизвесноста
Во мене.
Како да трчав по светлината
На изгрејсонцето.
Го чувствував твоето постоење.

Се враќам во реалноста.
Го барам само мојот последен сон,
Да бидеш моја утеха,
Моја желба, моја надеж
Моја иднина
Во која ќе сетам капка среќа
што ќе ја чувам како
Единствена светлина
Сѐ до мојот
Неизбежен крај.

*Билјана Димовска*
**III** награда
Мобилност - Гевгелија

XX ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2014

## КАЗНЕТО УТЕШЕНИЕ

...Сè си мислам
времето не постои
Само чекорите наши постојат
Ко некој Манифестатор на Духот
А тие се долги колку и кратки
Тие се преценети стапки.
Тие се смислата на Слепата девојка
Која игра Ноктурно во чест на
Своето племе тмурно.

Свири Ноктурно за согласката М.
Таа го менува стилот, таа дише
откривајќи го талентот
не жалејќи го здивот.

Ја слушам како Гласно Молчи
Додека умот во невреме
Мирува,
Нејзиниот празен гроб подригнува.
На неплодна земја, во село Вади-оча
(Водоча)
Цртам дожд... И плачам

*Љубе Лазаровски*
**I** награда
Мобилност **-** Струмица

## ШЕПОТ НА ДУШАТА

Стоиш како битие на светот
Ја чувствуваш душата на карпите,
на планината
на сонцето
на земјата.
Чувствуваш како дишат
Чувствуваш како постојат
И сфаќаш дека си изгубен меѓу нив
Не се ни забележуваш
Сфаќаш дека си само капка
од целиот океан.

А душата вели поинаку
вели дека ти си целата вечност.

*Јасмина Стојановска*
**II** награда
Мобилност - Скопје

## ТЕБЕ ТИ СЕ ДАВАМ

Крај реката
себеси се давам.
Пуштената коса
со ветерот се бори
и секоја капка
одбиена од камен,
е чувство на бол.

Опуштена мислата
по бранови се носи,
до некој кој нарачал
полен од моите коси.

Ете така
ти се залепив за кожа,
пред изгрев ко лад.
На човекот од мермер,
гравирана со жад.

*Соња Ѓорѓиевска*
**III** награда
Мобилност **-** Скопје

# XXI ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2015

## ЕЛИКСИР ОД ВИНОЖИТО

Пропуштете ги силните
Сончеви зраци низ
облаците за да
Се појави Винижитото.
Потоа од среќното црвенило
Одвојте ги страста,
Енергијата и самодовербата.
Исцедете ги комуникацијата
и добрите мани од
портокаловата.
Забележете со жолтите
Надежи и добро расположение.
Измамете ги
Преродувањето и хармонијата
Зачинети со зелено.
Додадете сини капки од
мудрост и лојалност.
Добро промешајте.
Интуитивноста и одговорноста
Добро испасирајте ги
Да ја пропуштат прекрасната
индиго боја.
И од виолетовата

Сомелете ги фантазијата,
Оставете го еликсирот
На топол ветер да се соедини
И да ја добие најубавата лековита боја.
Совет: Делете го со насмевки.

*Билјана Тодоровска*
**I** награда
Мобилност - Битола

## НЕДОРАЗБИРАЊЕ

Светот по потреба ги отвора и ги затвора своите прозорци
Јас, пак, темните завеси ги тргнувам само навечер
И никако да се погодиме
Тој чини отвори-затвори
Јас чинам горе-долу

Некогаш сум Икар
и летам превисоко или прениско
и покрај тоа што знам
дека крилјата ќе ми изгорат или ќе се намократ
Најстрашно е навечер
Кога ќе ги поткренам темните завеси,
ќе се распавтам со крилјата и ќе земам залет
Звукот на стаклото е показател што предоцна ми укажува
дека прозорците се затворени.

*Јасмина Стојановска*
**II** награда
Мобилност - Скопје

## НА МОЈАТА МИЛА
(*на мојата Ели*)

Некогаш си ведра песна
некогаш си камен
што в срце ми тежи.
Некогаш вивнуваш
а некогаш тлееш.
Оооо, Ели мила!

Дојди на зајдисонце
кога реката жубори во тишината.
Тогаш месечината
се лути со ѕвездите.
Јас сум небесен стражар,
ги чувам ѕвездите во срцето
за да ти ги подарам тебе!

Сонувам води со
синилото на твоите очи
и камења од бисерни зрна,
те чекам долго
на повторно видување,
оти не сакам да живеам
со спомените.

Дојди кога месечината
по небото слободно шета
и кога ветрот ја пее својата песна,

дојди кога дрвјата се облекуваат
во зелено кадифе.
Тогаш ќе се роди искреноста
твоја и моја.
Дојди кога селото спие
во длабок сон.
Тогаш, тогаш дојди мила Ели.

Сакав да те омажам
со српот на виножитото.
Сакав да те сретнам
во питомите бои на цвеќињата.
Сакав да ги симнам ѕвездите
и да ти ги подарам.
И се така ...... ооо Ели!

Те сретнав една есен
во лудите часови на кејот
на вљубената река
те држев во прегратките
како блескаво сонце.
Ти се топеше во мојот здив
и излегуваше како воздишка
при шепотењето на љубовта.
А ми вети дека ќе бидеш моја!
Ах тој музеј, ах таа чудесна река Вардар!

Кога денот молкома се гаси,
патувам со сета тихост

до полето на љубовта.
На која страна сонцето заоѓа
за в руменило
пак да те најдам?

Во пролетно утро пред зори
пој од птиците слушам
за венец од песни да ти сплетам.
Од ритчето кај Крстец
синолички и темјанушки берам
за името Ели, во нив да ти ги сплетам.
Слушаш ли, слушаш, мила!
Потокот ја пее нашата песна.
Тоа сме ние, ти и јас мила.

*Киро Иваноски*
**III** награда
Мобилност - Прилеп

# XXII ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2016

## ЗЕМЈА БЕЗ ЉУБОВ

Во каменот ја барам
тајната на животот.

Во птицата која лета високо
барам љубов бесмртна.

Во сонцето ја барам
надежта – безнадежна.

О земјо, ја гледаш ли
тревата што расте.

Го слушаш ли
плачот на водопадите.

Стојам сама...
гледам земја
во која љубов нема.

*Славица Стојановска*
**I** награда
Мобилност **-** Скопје

## НЕ ПОСТОИ РЕКА

Не постои река
подлабока од заблудата
за нејзината длабочина.
Вистината е закана, а течењето
не дозволува природни менувања.
Понекогаш престанувам
да верувам во солзите,
и тогаш ме спасуваат
единствено грстови плач.
Последниве дождови
можев во една рака да ги соберам.

*Александар Петрушевски*
**II** награда
Мобилност - Скопје

## ВРЕМЕ НА СОЛЗИ

Види, тоа така иде.
Ме стигна времето
да ми каже нешто.
Види, се прашуваш долго.
Знаеш, не знаеш...
веруваш, неверуваш.
Пазар на доверба.
Кантар со спомени,
дланки истрошени.
Жена е таа во тебе.
Зрела и преполна
од тоа вчера, завчера и години.
Па дожд од искуства.
Те полева, те поплавува
те носи и откорнува.
Само солзи на образи.
Едни темни и болни,
другите среќа и победа.
Те носи искуството.
Дно насобрано, заматено,
небо твое отворено.
Нема веќе бегање.
Со солзи ќе пречекаш

и дарови и падови.
Нема веќе бирање,
Ќе чекориш, ќе пречекориш
ќе ползиш за да станиш.
Оставена во плач.
Таа ЈАС што се нарекувам,
тоа ЈАС сепак.....
солзи радосници пие!

*Соња Ѓорѓиевска*
**III** награда
Мобилност - Скопје

# XXIII ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2017

## ГУБИТНИК

Искушение во невозможноста.
Сон во бескрајот.
Желба во проколнетоста
На мојот свет.
Недостижност скриена во нашиот сон.
Копнеж по силата
која го осознава животот.
Тенка сенка на исушен корен.
Душа без восхит, мир, сигурност, спокој.
Постоење без смислата на мојата надеж.
Се губам во кармата на самокритичноста.
А таму е најтешкиот товар
на безизлезноста,
и тука е прашањето
Која сум јас? Што сум јас?
Лист згазен од илјадници чекори.
Привидение на изгубена надеж.
Сенило меѓу милионите суштества
на овој свет.
Во тоа сенило виновникот сум јас
само јас.
Тие милиони суштества за мене
само одвоен лист од ветерот.

Еден по еден сите губат
од мојот универзум.
Останувам сосема сама
со своите мисли,
и тука можеби залудно
ја наоѓам смислата
на моето битие,
талкајќи во недостижната далечина
во која си ти.
Претворена сум во Диоген
кој на своите плеќи
го носи својот
парадокс.

*Биљана Димовска*
**I** награда
Мобиилност **-** Гевгелија

## АКРОСТИХ НА ЗНАКОТ

Милион чуда и тајни кодови, непознати

Елементи во тебе ги силат најмоќните иноватори и

Реставратори на распаднатата младост во мене преку кој

Инвалидот е со свети остатоци, а здравиот грди недостатоци.

Ехо на присуството твое гребе по ѕидовите на општеството

Хипокризија и рецидиви, локална малодушност, а сепак

Отпор се шири од тебе како мирис на поларен ветер

На сет глас, од гробот Мајаковски негодува и се лути

Аклробации на стихови и рими неизговорени и крути.

Љубам како стар папирус – љубовни ноктурна со

Упадливо слабо развиена толеранција кон

Боите и нивните тонови, чисти езера во нашите сонови

Омилена си оаза за музиката на Екатерина и Азра

Вкрстени прсти и бакнеж, панк и романса

Тука сите часовници се вмешани во инцест
и злостор освен

АЗ-буки-те на Мери во кои часовникот
просто Не-вреди

*Љубе Лазаровски*
**II** награда
Мобилност Струмица

## ЗАБЛУДА

Не може, да биде
покопнежлива од денес,
и пострасна од вчера
мачнинава со морничав бодеж на љубов!
Еве ме, пак, водена
од смела насмевка
и продорна мекост,
сплотени во едно битие на мигот.
Будна, но сепак носена од сонот,
се борам со јавето,
исплашено и бедно.
Дали е крај или пак почеток
на една нова игра?!
Дишам со испотени дланки
изморени од чекање и желни за љубов.
Ако имаш милост,
дојди и распостели си ја душата
врз влажниот поглед,
недоверлив и блуден.

*Јасмина Стојановска*
**III** награда
Мобилност - Скопје

XXIV ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2018

## САМО ПОГЛЕДНИ

Наплив од многу зборови неискажани,
Љубов во срцето
Воздишки кон небесата и раширени раце,
Небаре ќе ја дадеш и примиш
Целата љубов од и кон Универзумот.

А знаеш ли каде е сето тоа скриено?
А знаеш ли каде сето тоа да го бараш?
А знаеш ли каде сето тоа се разлева -
Како трета димензија.

Само погледни.
Само погледни длабоко во срцето твое.
И сè ќе видиш....
Колку има место за сите
И сè ќе видиш....
Колку се убави дните
И сè ќе видиш...
Колку љубов има во срцето твое
Само погледни...

*Севда Ѓурчиноска*
**I** награда
Мобилност - Скопје

## СТРЕИ НА ВЕЧНОСТА

Исправи ги, Боже, патеките мои
Да можам сам облеката да ја менувам
Додека лошите навики ми го кинат срцето
Чувај ме да не ме сосече гревот
На моите обувки крстот го соши
Над моите рани небото да се осветли
За низ болката да пеам
И низ очите да солзам
До храмовите како стреи на вечноста.

*Мимоза Делипетрова-Томова*
**II** награда
Мобилност - Радовиш

## КОГА СÈ ЌЕ БИДЕ ВЧЕРА

Заспана далеку
На едно време
За едни бакнежи
Кои никогаш нема да се вратат...
Длабоко боли
Никој не знае дека постои
Ама многу боли
Ја препознавам по лицето на
Несоницата
Тоа е тенка жица на гитарата
И во неговиот пламен плач
Кој секогаш ќе живее во мене
Тоа е нашата најголема рана
Нашата постојана несоница
Нашата ѕвезда која свети
И боли, многу боли
Дека после љубовта
Сè друго е попусто
Освен љубовта сè друго во животот
Е празнина и темнина.

*Олга Ристовска*
**III** награда
Мобилност **-** Скопје

XXV ЛИТЕРАТУРНИ СРЕДБИ – 2019

## ЕВОЛУЦИЈА

Бевме голи
и го видовме тогаш јаболкото
со црвот внатре
како ембрион на тагата.

Водената терезија
постојано ни истекува од очите
барајќи го потопот
врз кој ќе лебди
арката на нашиот спас.

Океанот ти остава гривни од пена
над глуждовите
додека чекориш по песокот
на една долга еволуција.

Водата ги брише стапалките
за да заборавиме
дека сме биле во рајот.

*Мимоза Делипетрова-Томова*
**I** награда
Мобилност - Радовиш

## МИСЛИ

А што друго можев да направам
кога само тоа ми остана
да го испратам со брзи
недомаќински чекори, сивилото на денот.
Да ја пречекам ноќта, си реков
па ако е ѕвездена
нема да ѝ го скврнавам богатството со болка,
а ако е облачна, зад облак ќе ги сокријам
мислите умождерки.
Зошто е грев на човек да се кажат
може да го заразат.
Тага е врз хартија да се истурат
за да не лелека
белиот лист од црната болка.
Таа ќе препукне.
Затоа зад облак ќе ги скријам
до изутрина да се избистрат.

*Билјана Тодоровска*
**II** награда
Мобилност **-** Битола

## ЧЕКОРИ

Размислувам на сите начини
на кои се раѓа утрото
со слух го галам звукот
на гордиот славеј.

Чекорам низ утринската роса
и ги мирисам зборовите
таинствени а дрски до коска,
тивки а сепак громогласно
ме прободуваат до срж
голтам и молчам во подлата
природа на умот.

Забавена сцена од изгубениот од
на моите мали нозе,
ги гледам испружени на распуканата карпа
такви се какви што не ги сакам.

Плисок од дожд ги прегрна
ми донесе невреме од далечината
луњата низ мене помина
се тркала светлото од виножито
го барам компасот
во кој не заборавам да гледам.

*Ана Додева*
**III** награда
Мобилност **-** Кочани

## ПОЧИТУВАНИ ВЉУБЕНИЦИ ВО УБАВИОТ ПИШАН ЗБОР

Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, како национална инвалидска организација на лицата со телесен инвалидитет во Република Северна Македонија, покрај активностите за подобрување на правата и положбата на овие лица на ниво на државата, во својата програма за работа презема и соодветни мерки за развивање на креативните, уметничките и интелектуалните потенцијали на нашите членови, лица со телесен инвалидитет.

Една од тие мерки е и манифестацијата Литературните средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, која секоја година финишира со Литературни читања на најдобрите три творби, селектирани од стручната жири комисија, токму во предвечерието на одбележувањето на 3. Декември - Меѓународниот ден на лицата со инвалидност. Низ годините од нашето постоење и делување, се нанижаа 25 изданија на Литературните средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија.

Во овој Зборник на литературни творби наречен „Ајде да пишуваме“, ги објавуваме најуспешните три творби од секое издание на Литературните средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, во период од 2010-2019 година, со што им се заблагодаруваме на авторите за нивната креативност,

оддавајќи им должна почит во нашиот обид творбите да бидат публиковани, да го видат светлото на денот, и да се најдат во рацете на вљубениците на убавиот пишан збор, воедно штитејќи ги од заборав.

Како сојуз, посакуваме Калиопа, заштитничката на епската поезија и ораторството, со својата восочна плочка, моливот и свиток од хартија и понатаму ги буди страстите, да ги инспирира и да им даде сила на нашите членови – поети, да истрајат во обидите да ги преточат своите емоции преку нивните поетски креации кои понатаму несебично ќе ги понудат на уживање на широкиот поетски аудиториум.

Мобилност Македонија ќе продолжи да ги поддржува и развива креативните потенцијали на своите членови преку организирање и одржување на Литературни средби, Литературните читања, а ќе се погрижи периодично, најуспешните од нив, да ги објави во соодветен Зборник.

Ајде да пишуваме

*Бранимир Јовановски*

Претседател на Мобилност Македонија

СОДРЖИНА

ПОЕЗИЈАТА КАКО ОГЛЕДАЛО НА ДУШАТА 5
АЈДЕ ДА ПИШУВАМЕ 9
БИСЕРНИ СОЛЗИ 13
ЧИСТА ДУША 14
СЕЌАВАЊЕ НА ЉУБОВТА 15
ЛИВАДСКА СЛИКА 19
ЧОВЕК ЗА ПОЧИТ 20
АКО МЕ САКАШ 22
МОЈОТ ЛИК ВО КАЛ 25
ПОРАДИ ТОА 26
ЉУБЕНА МОЈА МИЛА, ЉУБЕН МИЛ МОЈ 27
МОЈАТА ДУША 31
НЕ ПОСТОИ РЕКА 32
СВЕТЛИНА 33
КАЗНЕТО УТЕШЕНИЕ 37
ШЕПОТ НА ДУШАТА 38
ТЕБЕ ТИ СЕ ДАВАМ 39
ЕЛИКСИР ОД ВИНОЖИТО 43
НЕДОРАЗБИРАЊЕ 45
НА МОЈАТА МИЛА 46
ЗЕМЈА БЕЗ ЉУБОВ 50
НЕ ПОСТОИ РЕКА 51
ВРЕМЕ НА СОЛЗИ 52
ГУБИТНИК 57
АКРОСТИХ НА ЗНАКОТ 59
ЗАБЛУДА 61
САМО ПОГЛЕДНИ 65
СТРЕИ НА ВЕЧНОСТА 66
КОГА СÈ ЌЕ БИДЕ ВЧЕРА 67
ЕВОЛУЦИЈА 71
МИСЛИ 72
ЧЕКОРИ 73
ПОЧИТУВАНИ ВЉУБЕНИЦИ ВО УБАВИОТ
ПИШАН ЗБОР 75

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА

МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

ISBN 978-6-0866646-0-2

9 786086 664602